


# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЕУ ЦЕНТАР

# *ЕУ ВЕСТИ*

***септември 2021 година***
***ЕУЦ-број 65/2021***


## БЛЕДСКИ СТРАТЕШКИ ФОРУМ 2021



Во рамки на Словенечкото претсдателство со ЕУ, од 01 до 03 септември 2021г. во Блед се одржа 16-тото издание на Стратешкиот форум, со учество на повеќе од 170 панелисти и говорници од целиот свет. На настанот присуствуваа високи претставници на ЕУ, шефови на влади, министри за надворешни работи, шефови на држави, високи претставници на европски и меѓународни институции, европратеници, претставници на тинк тенкови, граѓанско општество.

Форумот годинава се фокусираше на иднината на Европа и повикот да се зголеми нејзината отпорност. Темите на дискусија се однесуваа на приоритетите на второто словенечко претседателство со Советот на ЕУ под слоганот „Заедно. Издржлива. Европа".

На првиот ден, европските лидери и високите претставници на ЕУ се фокусираа на главните предизвици за иднината на Европа, пост-епидемиското закрепнување, зелените и дигиталните трансформации и иднината на европската интеграција. Словенечкиот премиер Јанез Јанша за време на дискусијата истакна дека „проширувањето на ЕУ кон Западен Балкан е од витално значење за иднината на Европа“.

Вториот ден од Форумот беше посветен на економското закрепнување и туризмот, поставување на темелите за поиздржлива ЕУ, зајакнување на сајбер отпорноста и дигитализација. Клучните теми на вториот ден вклучуваа разговори за зајакнување и поефективна реакција на климатските промени, важноста на трансатлантската соработка, предизвиците на земјите од Источното партнерство и стабилноста на Медитеранот. Словенечкиот министер за надворешни работи, Анже Логар истакна дека „ексклузивната економска зона е најдоброто решение за зачувување на Јадранското Море“.

Како вовед во Форумот, десеттиот стратешки форум за млад Блед обедини повеќе од 30 млади луѓе од 12 различни земји кои разговараа за иднината на Европа, со што се овозможи активно социјално учество за помладите генерации.

Стратешкиот форум Блед е водечка меѓународна конференција во Централна и Југоисточна Европа и единствена, отворена и инклузивна платформа за клучните предизвици на Европа во 21 век. Во текот на 16 години, беше домаќин на повеќе од 10.000 учесници од 100 земји, повеќе од 30 шефови на држави и влади, повеќе од 300 министри и повеќе од 100 претставници на меѓународни организации, што го прави Форумот еден од најважните меѓународни општествено-политички настани.

https://slovenian-presidency.consilium.europa.eu

**Содржина на вести:**


| | |
|---|---|
| Бледски стратешки форум 2021 | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Состанок на Советот за општи работи | 3 |
| Собраниски активности поврзани со | 4-6 |
| Целосно вакцинирани 70% од возрасната популација во ЕУ | 6 |
| Прва аукција на краткорочни хартии од вредност | 7 |
| Одобрен Инструментот за претпристапна помош ИПАIII | 7 |
| Европска година на железницата | 8 |
| Задолжителна работа за мигрантите во Данска | 8 |
| Европска дипломатска академија | 9 |
| Намалено производството на вино во Франција | 9 |
| Европска недела на спортот | 10 |
| Правична минимална плата во ЕУ | 10 |
| Негователи и помошници на наставници во ЕУ во 2020 година | 11 |
| ЕУ календар / октомври 2021 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 13-16 септември 2021 година***

Претседателот на Европскиот парламент, Давид Сасоли на 19 септември 2021 година ја отвори првата пленарна седница по летниот одмор во Стразбур. Конференцијата на претседателите одлучи дека на 27 јануари 2022 година, и секоја година на тој датум, ќе има вонредно заседание во чест на жртвите на Холокаустот, истакна претседателот Сасоли.

Во резолуцијата за правата на ЛГБТИК (усвоена со 387 гласа) Европскиот парламент нагласи дека овие граѓани треба да бидат способни целосно да ги остварат своите права, вклучително и правото на слободно движење, насекаде во Унијата. Истополовите бракови и партнерства треба да се препознаат низ ЕУ, се истакнува во резолуцијата.

Европскиот парламент даде зелено светло за Инструментот за претпристапна помош 2021-2027 година (ИПА III) во вредност од 14,2 милијарди евра за Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Турција. Општа цел на ИПА III е да ги поддржи овие земји во усвојувањето и спроведувањето на политичките, институционалните, правните, административните, социјалните и економските реформи потребни за усогласување со вредностите на Унијата и прогресивно усогласување со правилата, стандардите и политиките на ЕУ (*acquis*).

Европратениците усвоиа реформа на Сината карта на ЕУ за да го олеснат вработувањето на високо квалификувани лица од трети земји и да помогнат во ублажувањето на недостатокот на работна сила во клучните сектори во ЕУ.

Европратениците одобрија резерва за прилагодување на Брегзит во висина од 5 милијарди евра за помош на земјите - членки во справување со економското, социјалното и територијалното влијание на заминувањето на Обединетото Кралство од ЕУ. Договорот за формирање на специјалниот фонд, постигнат од преговарачите на ЕУ Парламентот и Советот во јуни, беше усвоен со 652 гласа. Во 2021 година ќе бидат распределени 1,6 милијарди евра. Останатите 3,4 милијарди евра треба да следат во одделни транши од 1,2 милијарди евра во 2022 и 2023 година, проследено со 1 милијарда евра во 2025 година.

Предлогот за продолжување на мандатот на Европскиот центар за превенција и контрола на болести (ЕЦДЦ) беше усвоен со 598 гласа. Земјите-членки на ЕУ треба да развијат национални планови за подготвеност и одговор и да обезбедат навремени, споредливи и квалитетни податоци, истакнаа европратениците. Законскиот предлог за зајакнување на кризната превенција, подготвеност и одговор на ЕУ при решавање на идните сериозни прекугранични здравствени закани беше усвоен со 594 гласа.

Претседателката на Европската Комисија, Урсула фон дер Лајен во своето второ обраќање за состојбата на Европската унија, истакна дека во најголемата глобална здравствена криза за еден век, најдлабоката глобална економска криза со децении и најтешката планетарна криза на сите времиња, „ние избравме да одиме заедно, како една Европа и можеме да бидеме горди на тоа“. Таа нагласи дека Европа е меѓу светските лидери по стапките на вакцинација, додека дели половина од своето производство на вакцини со остатокот од светот. Приоритет е да се забрза глобалната вакцинација, да се продолжат напорите во Европа и добро да се подготват за идните пандемии. Фон дер Лајен повика на европска политика за сајбер одбрана и нов европски акт за сајбер отпорност и најави самит за европска одбрана што ќе се одржи под француско претседателство.

На пленарната сесија европратениците повикаа луѓето што работат за дигитални платформи, како што се услугите за испорака на храна, да имаат исти права како и вработените по традиционален пат.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ



Во извештајот усвоен со 570 гласа Европскиот парламент наведува шест столба на кои ЕУ треба да гради нова стратегија во односите со Кина: соработка за глобалните предизвици, вклучување на меѓународните норми и човечки права, идентификување на ризици и ранливости, градење партнерства со партнери со истомисленици, поттикнување стратешка автономија и одбрана на европските интереси и вредности.

Европарламентот ја повика ЕУ да ја забрза транзицијата кон истражувачки систем кој нема да користи животни. Европратениците побараа акционен план ширум ЕУ со амбициозни и остварливи цели, како и временски рокови за постепено исфрлање од употреба на животните во истражување и тестирање. Резолуцијата „за плановите и акциите за забрзување на транзицијата кон иновации без употреба на животни во истражување, регулаторно тестирање и образование“ беше усвоена со 667 гласа.

Европратениците нагласија дека е можна демократска иднина за Русија и дека Советот мора да усвои стратегија на ЕУ за ова сценарио, која вклучува стимулации и услови за зајакнување на домашните демократски тенденции. Текстот беше одобрен со 494 гласа.

Европарламентот повикува онлајн и офлајн родово базираното насилство да се третира како „особено сериозен криминал со прекугранична димензија“. Европратениците со 427 гласа усвоија законодавна иницијатива со која се бара легислатива и политики за решавање на сите форми на насилство и дискриминација врз основа на пол (против жени и девојки, но и против ЛГБТИК+ лица). Тие ја повикаа Комисијата да го наведе родовото насилство како нова област на криминал според член 83 (1) од ДФЕУ, заедно со други кривични дела со кои треба да се бориме на заедничка основа, како што се трговија со луѓе, дрога и оружје, компјутерски криминал и тероризмот.

Во резолуцијата усвоена со 502 гласа европратениците го осудуваат постојаното влошување на слободата на медиумите и владеењето на правото во Полска. Гласањето се одржа еден ден по пленарната дебата со потпретседателката на Комисијата, Вера Јурова, комесарот Рејндерс и министерот за надворешни работи, Анже Логар во име на словенечкото претседателство со Советот.

www.europarl.europa.eu

## СОСТАНОК НА СОВЕТОТ ЗА ОПШТИ РАБОТИ НА ЕУ



На состанокот на Советот за општи работи на ЕУ кој се одржа на 21 септември 2021 година, државниот секретар во министерството за надворешни работи на Словенија, Гашпер Довжан ги претстави приоритетите за работа на Советот на ЕУ за периодот до крајот на 2021 година. Словенечкото претседателство е посветено на подобрување на подготвеноста на Унијата за идни кризи, градење отпорност против пандемии и зајакнување на сајбер безбедноста и стратешка автономија. Словенија посвети посебно внимание на продолжувањето на проширувањето на ЕУ за Западен Балкан.Министрите и државните секретари за европски прашања разменија мислења за планираните мерки за спречување на ширење на КОВИД-19. Од клучно значење за земјите-членки е да продолжат да обезбедуваат транспарентен и координиран одговор на пандемијата и да ја зголемат стапката на покривање на вакцинацијата кај населението со цел да продолжат со нормален живот. Прашањето за имплементација на Протоколот за Ирска и Северна Ирска беше во центарот на дебатата за односите меѓу Унијата и Обединетото Кралство. Претседателството повика на флексибилни решенија во рамките на постојниот протокол, нагласувајќи ја потребата земјите-членки да го зачуваат единството и интегритетот на внатрешниот пазар на ЕУ, додека одржуваат добри услови за живот во Северна Ирска. Европската комисија ги информираше членовите на Советот за состојбата на законодавското планирање во ЕУ, како и за извештајот за стратешката предвидливост и состојбата на односите меѓу Унијата и Швајцарија.

https://slovenian-presidency.consilium.europa.eu

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА





Претседателот Џафери учествуваше и имаше свое обраќање на Петтата светска конференција на претседатели на парламенти, што се одржа на 07 и 08 септември 2021г. во Виена, во заедничка организација на Интерпарламентарната унија (ИПУ) и Австрискиот парламент.

Во рамки на посетата Џафери оствари средба со Волфганг Соботка, претседател на Австрискиот национален совет и Денис Звиздиќ, претседател на Претставничкиот дом на Парламентот на Босна и Херцеговина. Во рамки на посетата Џафери учествуваше на Работилницата за демократија на Австрискиот парламент на која одговараше на прашања од младите австриски ученици од билингвални училишта, на возраст од 13 до 15 години.



www.sobranie.mk



Во организација на Собранието на Република Унгарија, на 24 септември 2021 година се одржа Десеттиот состанок на претседатели на парламенти на земјите од Југоисточна Европа посветен на проширувањето, на кој учествуваше и се обрати претседателот на Собранието, Талат Џафери. На состанокот учествуваа и претседателите на парламентите на земјите од Вишеградската група. На состанокот беше усвоена Заедничка изјава во која претседателите ја реафирмираа својата заложба за проширување на Европската унија и за забрзување на процесот на интеграција заснован на систем на заслуги, отворање на процесот на преговори без понатамошни одложувања и забрзување на започнатиот процес на преговори. Изјавата ќе биде испратена до националните парламенти на земјите членки на ЕУ и до лидерите на европските институции.

Во својот говор Џафери го истакна постигнатиот напредок на полето на спроведување на пакетот клучни реформи и унапредувањето на меѓуетничките односи. На маргините на Десеттиот состанок на претседатели на парламенти на земјите од Југоисточна Европа, кој се одржува во Будимпешта, претседателот на Собранието на Република Северна Македонија оствари средба со неговиот колега од Собранието на Унгарија, Ласло Ковер.



Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери на 27 септември 2021г. во Брдо, Крањ учествуваше на Состанокот на претседатели на парламенти на земјите од Западен Балкан, во организација на Националното собрание на Република Словенија, во рамки на словенечкото претседателство со Советот на ЕУ. Во **Заедничката изјава** усвоена на состанокот, учесниците ја поздравија заложбата на Европскиот парламент кој обезбедува политичка поддршка на процесот на проширување и ја нагласија потребата за стратешки приоритет на проширувањето од страна на Европската унија.



На 06 септември 2021 година Џафери оствари средба со делегација на Литванскиот Парламент предводена од Аудрониус Ажубалис, шеф на Делегацијата и потпретседател на Меѓу-парламентарната група за соработка со земјите од Западен Балкан на Литванскиот парламент. На средбата Џафери изрази благодарност за постојаната поддршка на Литванија на евроатланските и европските интеграции на нашата држава.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА







www.sobranie.mk

На покана на пратеничката група на Собранието за соработка со Францускиот парламент на 13 септември 2021 година беше остварена средба со Делегација сенатори од Групата за пријателство Франција - Западен Балкан, во состав Марта де Сидрак, претседателка и сенаторите Арно Базен, Венсан Сегуен и Микел Вале. Претседателот на групата Александар Николоски на средбата информираше за актуелните случувања во земјата, состојбата со пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19, актуелниот состав на Собранието и претстојните локални избори. На средбата присуствуваа и членовите Владо Мисајловски, Снежана Калеска-Ванчева, Лидија Тасевска, Соња Михаиловска и Арбер Адеми. Средба со делегацијата оствари и претседателот на Собранието, Џафери на која присуствуваа и претседателот на Пратеничката група на Собранието за соработка со Францускиот парламент, г. Александар Николоски и амбасадорот на Франција во Република Северна Македонија, Н.Е. Сирил Бомгартнер. Заедничка средба со делегацијата оствари и претседателот на Комисијата за европски прашања, Арбер Адеми и претседателот на Комисијата за надворешна политика, Антонијо Милошоски.

---







Пратеничката група на Собранието за соработка со парламентите на балтичките земји: Република Естонија, Република Латвија и Република Литванија на Собранието на 06 септември 2021 година беше домаќин на средба со Делегација на Меѓупарламентарната група за соработка со земјите од Западен Балкан на Литванскиот парламент, предводена од пратеникот Аудрониус Ажубалис, шеф на Делегацијата. На средбата присуствуваа Моника Зајкова, претседателка на групата, Дајанчо Ефтимов, Велика Стојкова Серафимовска и Аднан Незири, членови на Групата, како и Аудрониус Ажубалис, потпретседател на Групата, Валдас Ракутис, потпретседател на Групата и Кештутис Вилкаускас, член на Групата на Литванскиот парламентот.

Работна средба со делегацијата оствари претседателот на собраниската Комисија за европски прашања, Арбер Адеми со членовите на Комисијата и членовите на Комисијата за надворешни работи, со која претседаваше пратеничката Ане Лашкоска.

---



На 10 септември 2021 година во Собранието се одржаа серија состаноци за подготовка на основите за следната рунда од процесот на Дијалогот Жан Моне. Претседателот Џафери и олеснувачите на Дијалогот Жан Моне од Европскиот парламент, Андреас Шидер, Марион Валсман и Илхан Ќичук ги разгледаа досегашните достигнувања и разговараа за следните чекори во тековниот процес.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Потпретседателот на Собранието, Фадил Зендели на 07 септември 2021 година учествуваше на Конференција на парламентарниот разузнавачки-безбедносен форум кој се одржа во Будимпешта, во организација на Парламентот на Унгарија и конгресменот од САД, Роберт Питинџер. Во дискусијата за парламентарната соработка, потпретседателот Зендели се осврна на потребата од развој на регионалната интерпарламентарна соработка во регионот на Југоисточна Европа. На форумот беше усвоена декларација.

Генералната секретарка на Собранието, Цветанка Иванова учествуваше на Регионалниот форум на генерални секретари од Западен Балкан, кој се одржа во Атина, Грција, од 31 август до 02 септември 2021 година. Главна тема на форумот беа парламентарните иновации, остварувањата, предизвиците и идните очекувања во работењето на парламентите во услови на кризата настаната со пандемијата Ковид-19, со фокус на парламентарната администрација, внатрешната комуникација, парламентарната транспарентност, клучните предизвици за подобрување.





На 23 септември 2021 година во Собранието се одржа едукативен настан по повод одбележувањето на 23 Септември – Меѓународниот ден на знаковните јазици, на тема „Анализа на практиките на парламентите во однос на заедницата со хендикеп“. Воведни обраќања имаа Цветанка Иванова, генерална секретарка на Собранието и Јован Митрески, претседавач на Интерпартиската парламентарна група (ИППГ) за правата на лицата со хендикеп. Презентација на „Анализата на практиките на парламентите во однос на заедницата со хендикеп“ изврши Елена Кочоска од Полио плус.

## ЦЕЛОСНО ВАКЦИНИРАНИ 70% ОД ВОЗРАСНАТА ПОПУЛАЦИЈА ВО ЕУ



Европската комисија соопшти дека 70% од возрасната популација на Европската Унија е целосно вакцинирана против Ковид-19, со што се постигна целта поставена на почетокот на годината. „70% од возрасните во ЕУ се целосно вакцинирани. Оваа бројка ја потврдува важната пресвртница што се случи во стратегијата за вакцинација на ЕУ по бавниот почеток, но ги прикрива големите разлики меѓу земјите-членки, при што некои од нив се над целта од 70%, додека други во посиромашниот источен регион на блокот се далеку зад неа. Пакетот за поддршка на земјите-партнери во борбата против пандемијата на коронавирус и нејзините последици Тим Европа придонесе близу 3 милијарди евра за COVAX Facility за да помогне да се обезбедат најмалку 1,8 милијарди дози за 92 земји со низок и низок среден приход. Комисијата започна да работи на справување со нови варијанти, со цел брзо развивање и производство на ефективни вакцини против овие варијанти во голем обем. Инкубаторот ХЕРА помага да се одговори на оваа закана.

https://ec.europa.eu/commission

## ПРВА АУКЦИЈА НА КРАТКОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ



Европската комисија на 15 септември годинава издаде краткорочни хартии од вредност преку аукција на ЕУ-записи во вредност од 5 милијарди евра. Како што беше објавено на 10 септември годинава, Комисијата издаде 3 милијарди евра 3-месечни хартии од вредност со рок на доспевање на 3 декември 2021 година и 2 милијарди евра 6-месечни хартии од вредност со рок на доспевање на 04 март 2022 година.

По аукцијата, записите на ЕУ ќе бидат котирани на берзата во Луксембург за секундарно тргување. Ова е првпат Комисијата да издава краткорочни хартии од вредност, за да ги надополни издавањата на обврзници. Обврзниците се еден од клучните столбови на разновидната стратегија за финансирање на Европската комисија. Тие обезбедуваат дополнителна флексибилност и поволни услови за брзо прибирање на средства во NextGenerationEU фондот за обнова. Ова претставува прва аукција која Европската комисија ја спроведува во име на ЕУ како дел од нејзиниот нов календар за аукции. Како што беше објавено претходно, Комисијата ќе организира две аукции месечно за сметка на ЕУ, во првата и третата среда во месецот. Комисијата преку аукција ќе издава обврзници на ЕУ како дел од својата аукциска програма, на месечна основа. Аукциите за обврзници обично ќе се одржуваат секој четврти понеделник во месецот.

ЕУ користеше инструмент за продажба на обврзници за да собере 90 милијарди евра за програмата SURE за зачувување на работните места.

https://ec.europa.eu

## ОДОБРЕН ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ ИПАIII



Европскиот парламент ги одобри претпристапните фондови за периодот 2021 - 2027 година.

„Нешто повеќе од 14 милијарди евра (14,2) ќе ги поддржат земјите кандидати и потенцијалните земји за подобро да се подготват за пристапување во ЕУ и за имплементирање на реформите поврзани со ЕУ“.

Северна Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Србија и Турција ќе можат да го користат Инструментот за претпристапна помош (ИПА III) за спроведување политички, институционални, правни, административни, социјални и економски реформи. Проектите од ИПА III ќе може да се насочат за заштита на климата и животната средина, човековите права и родовата еднаквост.

„Со ИПА III и неговиот историски буџет од над 14 милијарди евра, ЕУ ја потврдува својата континуирана посветеност на патот на овие земји кон европска интеграција“, истакна Жељана Зовко, хрватска пратеничка во Европскиот парламент од ЕУ задолжена за регулативата.

Како главна промена во споредба со претходните буџетски циклуси е што исплатата на средствата ќе може да се промени или прекине доколку корисниците не се придржуваат кон фундаменталните вредности на ЕУ: демократија, владеење на правото и човековите права.

Во исто време, ЕУ ќе обезбеди нивото на помош да не биде непропорционално ниско, почитувајќи го принципот на правична поделба.

https://www.europarl.europa.eu

## ЕВРОПСКА ГОДИНА НА ЖЕЛЕЗНИЦАТА




„Европа експрес поврзува" е резултат на единствена соработка помеѓу Европската комисија и Заедницата на европски компании за железници и инфраструктура (ЦЕР), европски железнички оператори, инфраструктурни менаџери и бројни други партнери на ниво на ЕУ и локално ниво.

„Европа експрес поврзува", специјалниот воз во рамки на Европската година на железницата 2021, на 2 септември тргна од железничката станица во Лисабон, за да пристигне во Париз на 7 октомври. Возот симболично застана во Љубљана, поврзувајќи ги португалското, словенечкото и француското претседателство на Советот на ЕУ.

По должина на трасата планирани се разни настани за пречек на возот на железничките станици низ Европа. Љубителите на железницата имаа можност да ги следат дебатите и конференциите за инфраструктурната политика на ЕУ и улогата на Трансевропската транспортна мрежа (ТЕН-Т) во живо преку веб-страницата на настанот од Лисабон, Букурешт, Берлин и Бетембург.

На одржаните настани на секоја од железничките станици беше нагласена улогата на железницата во општеството и предизвиците со кои се соочува.

Самата иницијатива е организирана со три различни возови за да се усогласат со ширината на колосекот од 1668 мм Иберски, 1435 мм и 1520 мм кои се користат во Европа. Во вагоните на возот беа претставени мобилни изложби на технологии за подобрување на железниците и поддршката на ЕУ за инфраструктурните проекти.

https://ec.europa.eu/commission

## ЗАДОЛЖИТЕЛНА РАБОТА ЗА МИГРАНТИТЕ ВО ДАНСКА



Дел од мигрантите во Данска ќе треба да работат 37 часа неделно за да можат да добијат социјални бенефиции, соопшти данската Влада на 08 септември годинава. Тоа ќе се однесува на оние мигранти кои добивале социјална помош три до четири години и кои не го совладале доволно данскиот јазик. Данската премиерка Мете Фредериксен изјави дека тоа е директно наменето за жени кои не се со потекло од Западот, но живеат од социјална помош. Премиерката го претстави реформскиот пакет кој вклучува и одредба за обврската за работа за долгорочно невработените. За да продолжат да ја примаат социјалната помош, долгорочно невработените лица ќе треба да одработат 37 часа општествено корисна работа. Мерката е насочена првенствено кон имигрантите кои имаат потешкотии да влезат на пазарот на трудот. Доколку предлогот биде прифатен од мнозинството во Парламентот, локалните власти ќе бидат задолжени за распределба на работни места на невработените. Данска ја заостри својата имигрантска политика неколку пати во изминативе години. Моментално има едни од најстрогите правила во Европа и сака целосно да ги намали барањата за азил.

https://www.bbc.com/news

## ЕВРОПСКА ДИПЛОМАТСКА АКАДЕМИЈА




Со цел надминување на зголемените проблеми во креирањето на надворешна политика неопходно е формирање на Европска дипломатска академија, се истакнува во соопштението на Европскиот парламент.
Службата за надворешна политика на ЕУ (ЕЕАС) беше формирана пред десет години и како прва дипломатска служба која не е формирана од национална држава. ЕЕАС се состои од персонал кој премина од Советот на ЕУ, Европската комисија и дипломатските служби на земјите-членки на ЕУ, брои околу 3.700 вработени и 139 делегации во трети земји и меѓународни организации.
„Европската унија мора да создаде своја дипломатска академија каде што дипломатите ќе се подготвуваат и ќе се приближат до заедничките вредности и интереси на ЕУ", стои во предлогот на пилот-проектот за формирање на Европска дипломатска академија. На новата академија, ЕУ „може да спроведе процедури за обука и селекција за приклучување кон делегациите на ЕЕАС и ЕУ".
Предлогот доаѓа во време кога дипломатската служба на ЕУ го преиспитува својот делокруг на дејствување на глобалната сцена по неодамнешните чекори во надворешната политика. Еден таков пример е интра-институционалниот т.н. „софагејт" (распоред за седење при посетата на претседателите на Европскиот совет и Европската комисија, на Анкара). Извештајот на ЕЕАС за човечки ресурси укажа на друга дисфункција – пет земји (Франција, Италија, Германија, Шпанија и Белгија) држат повеќе од половина од позициите во Службата.
„Европската дипломатска академија ќе обезбеди службениците да ги имаат истите основни знаења за тоа како треба да функционира ЕЕАС, со повеќе или помалку уникатен стил на комуникација и заеднички концепт за интеракција на националната и ЕУ дипломатијата во трети земји" - истакна директорот за надворешна политика во Центарот за европски реформи (ЦЕР), Јан Бонд поранешен британски дипломат.

## НАМАЛЕНО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ВИНО ВО ФРАНЦИЈА



Франција годинава ќе произведе најмалку вино откако ги објавуви податоците, а тоа се должи на мразот и болестите што ги опустошија лозјата, соопшти Министерството за земјоделство на 07 септември годинава.
Производството за 2021 година ќе биде 29% и помало отколку во 2020 година и ќе достигне 33,3 милиони хектолитри. Во споредба со просекот во изминатите пет години, ќе биде пониско за една четвртина.
Производството страдаше од силни пролетни мразови во тие две години, годинешните загуби ќе се продлабочат со појавата на болести на виновата лоза, посочуваат од Министерството. Во август, министерството процени дека производството на вино годинава ќе падне од 24% до 30%, на 32,6 до 35,6 милиони хектолитри.

https://www.dw.com

## ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА СПОРТОТ




На 23 септември 2021 година во паркот Тиволи во Љубљана министерката за образование, наука и спорт, Симона Кустец и еврокомесарот за иновации, истражувања, култура, образование, млади и спорт, Марија Габриел симболично ја започнаа Европската недела на спортот. Беа прикажани повеќе од 30 различни спортови што беше почеток за активностите низ Европа за време на Европската недела на спортот од 23 до 30 септември 2021 година.

Целта на Европската недела на спортот, која се одржува под слоганот #BeActive, е да ги охрабри сите луѓе да се занимаваат со физичка активност во текот на целата година. Доживотната физичка активност е еден од клучните приоритети на словенечкото претседателство со Советот на ЕУ. Според истражувањата на Евробарометар, повеќе од 58% од Европејците не вежбаат редовно и малку под половина од населението (47%) не се вклучени во каква било физичка активност.

Словенија, по иницијатива на експерти, ќе биде прва што започна да развива специјална апликација, која ќе помогне да се следи одговорот на корисниците на различни физички предизвици според нивните способности.

На 24 септември 2021 година, Словенија организираше европска конференција за доживотна физичка активност во Блед, како дел од претседателство со Советот на ЕУ. Дискусиите на конференцијата се фокусираа на промовирање на доживотна физичка активност, предизвиците на физичката активност (или неактивност) и доживотно учество во спортот, физички вежби, следење на физичката кондиција, важноста на меѓусекторската соработка и презентирање на доброто практики, како и улогата на медиумите во промовирање на физичка активност.

https://slovenian-presidency.consilium.europa.eu

## ПРАВИЧНА МИНИМАЛНА ПАТА ВО ЕУ



Европскиот парламент работи на предлогот од Европската комисија кој треба да даде гаранција дека минималните плати во ЕУ обезбедуваат пристоен живот за граѓаните. Во соопштението од ЕП е наведено дека многу од работниците кои беа на „првата линија на одбрана“ против пандемијата, работат за минимална плата.

Седум од десет работници со минимална плата во ЕУ имале потешкотии во 2018 година. Околу 10% од европските работници се изложени на ризик од сиромаштија. Жените сочинуваат речиси 60% од оние кои работат за минимумот во ЕУ. Износот на минималната плата е различен во земјите-членки на ЕУ. Во 2020 година изнесувал од 312 евра во Бугарија, до 2.142 евра во Луксембург. Една од главните причини за толку широк опсег е разликата во трошоците за живот во земјите на ЕУ.

Законодавниот предлог ги зема предвид надлежностите и договорните слободи на социјалните партнери и не го одредува нивото на минималната плата. Целта е да се осигура дека тие се на соодветно нивоземајќи ги предвид социо-економските услови, како и регионалните и секторските разлики. Директивата треба да има за цел да промовира колективно договарање за платите во земјите -членки на ЕУ.

https://euractiv.rs

## НЕГОВАТЕЛИ И ПОМОШНИЦИ НА НАСТАВНИЦИ ВО ЕУ ВО 2020 ГОДИНА

Во 2020 и 2019 година, во ЕУ имало околу 2 милиони работници за згрижување на деца и помошници на наставници. Мнозинството работници биле жени (93%). Учеството на работниците за нега на деца и помошниците на наставниците како процент од вкупното вработено население било 1,0% во ЕУ во 2020 година. Меѓу земјите-членки на ЕУ, Данска се издвојува со најголем удел на луѓе вработени во оваа професија (3,3%), потоа следуваат Франција и Ирска (двете 2,3%) и Португалија (2,2%). Спротивно на тоа, 15 од 27 земји-членки на ЕУ имале 1% или помалку од вкупното вработено население вработено во згрижување на деца и помошници на наставници. Најниско учество е забележано во Словенија (0,1%), Италија (0,2%), Романија (0,3%) и Грција (0,4%). Работниците за згрижување деца и помошници на наставниците се клучни професии во развојот на децата, бидејќи обезбедуваат грижа и надзор за децата, вклучително и семејни работници, негователки, работници за нега надвор од училишните часови, предучилишни и асистенти за наставници.

https://ec.europa.eu/eurostat




ec.europa.eu/eurostat

**Донесени закони во Собранието во месец септември 2021 година**

- Закон за изменување и дополнување на Законот за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба,
- Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик,
- Закон за изменување и дополнување на Закон за управување со кризи,
- Закон за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад,
- Закон за управување со дополнителни текови на отпад,
- Законот за управување со пакување и отпад од пакување,
- Закон за управување со отпадот.

***ЕУ КАЛЕНДАР / октомври 2021***

1. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 04-07 и 18-21/10/2021, Стразбург;*
2. *ЕУ-Западен Балкан Самит, 06/10/2021, Брдо, Словенија;*
3. *Состанок на Советот за надворешни работи, 18/10/2021, Луксембург;*
4. *Состанок на Советот за општи работи, 19/10/2021, Луксембург;*
5. *Европска недела за одржлива енергија, 25-29/10/2021, преку интернет.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




